Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 192/2018 и 192А/2018 од Агенцијата за администрација, број 10-26/3 од 15.01.2019 година, директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 23.01.2019 година донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-1475/1
25. 01. 2019
20 ГОД.
СКОПЈЕ

О Д Л У К А
за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на администмистративен службеник

1. **АМИР ЏЕЛИЛИ**, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 192А/2018, за работно место **Соработник за договори со здравствени установи,** во Оддел за болничка здравствена заштита, Одделение за договори со здравствени установи, Правен сектор, со звање Соработник и шифра на работното место ФЗО0102В04001 .
2. Именуваниот ќе заснова работен однос во Фондот за здравствено осигурување на Македонија на работното место од точка 1 од ова решение по конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-8954/3 од 03.08.2018 година, Агенцијата за администрација по барање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 29.09.2018 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха", објави јавен оглас број 192/2018 за пополнување на работното место Соработник за договори со здравствени установи, во Оддел за болничка здравствена заштита, Одделение за договори со здравствени установи, Правен сектор.

Агенцијата за администрација со решение број 10-1552/5 од 02.10.2018 година, формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас бр. 192/2018. По завршување на сите три фази од постапката за селекција на кандидатите, Агенцијата за администрација достави до Фондот, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови за работните места под број 1,2,4 и 9 од јавниот оглас бр.192/2018 година, со број 10-1552/9 од 08.11.2018 година, од кои се утврди дека нема соодветен кандидат Албанец (ка) кој се предлага за вработување, за работното место број 3 од огласот 192/2018 година, Соработник за договори со здравствени установи, оддел за болничка здравствена заштита, одделение за договори со здравствени установи, Правен сектор.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија побара од Агенцијата за администрација повторно да биде објавен оглас за работното место ФЗО0102В04001 Соработник за договори со здравствени установи, во Оддел за болничка здравствена заштита, Одделение за договори со здравствени установи, Правен сектор, а Агенцијата за администрација на 30.11.2018 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија",

"Вечер" и "Коха", објави јавен оглас број 192А/2018 за пополнување на работното место Соработник за договори со здравствени установи, во Оддел за болничка здравствена заштита, Одделение за договори со здравствени установи, Правен сектор.

Агенцијата за администрација со решение број 10-2100/3 од 04.12.2018 година, формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас број 192 А/2018 година.

По спроведена фаза 1 административна селекција од постапката за селекција за вработување, од 33 пријавени кандидати за работното место под реден број 1 од огласот 192А/2018 година, 13 кандидатити, меѓу кој и кандидатот Амир Џелили ги исполнуваат условите предвидени во огласот, поради што именуваниот се стекна со право да продолжи во натамошните фази на постапката за селекција.

По спроведената фаза 1 на административна селекција кандидатот Амир Џелили успешно го положи испитот за административен службеник (фаза 2- испит за административен службеник) со што се стекна со право да продолжи во фазата 3 – проверка на веродостојност на докази и интервју за работното место под ред број 1 по јавниот оглас број 192 А/2018 година.

Агенцијата за администрација, врз основа на добиените бодови во трите фази од постапката за селекција за вработување (административната селекција, полагање на испит за административен службеник, проверка на веродостојност на доказите и одржаното интервју), изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување со најголем број на освоени бодови за работното место под број 1,2 и 3 по Јавниот оглас бр. 192А/2018 година, а согласно член 44 став 3 од законот за административни службеници изготви и Единствена ранг листа на кандидати со најголем број на освоени бодови од објавени огласи;192/2018 192 А/2018 и Предлог на кандидати за вработување по јавен оглас број 192/2018 192 А/2018 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавените огласи 192/2018 192 А/2018, со бр. 10-26/3 од 15.01.2019 година, Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, по Јавниот оглас број 192/2018 и 192 А/2018 година, за работното место Соработник за договори со здравствени установи, во Оддел за болничка здравствена заштита, Одделение за договори со здравствени установи во Правен сектор **го избра кандидатот АМИР ЏЕЛИЛИ.**

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР,
Данаил Дончев

ДИРЕКТОР,
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani